Врз основа на Програмата на активностите од областа на локалниот економски развој на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 08/23), а во врска со член 4 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој бр.08-5380/1 од 22.05.2023 година, Градот Скопје објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансирање на проекти од областа на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје за 2023 година**

1. **Опис на Јавниот повик**

   Со Јавниот повик ќе се финансираат проекти од областа на претприемништвото, иновациите и конкурентноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје за 2023 година за :

- Организирање на обуки
- Организација на настани
- Промотивни кампањи

За финансирање на проектите од областа на претприемништвото, иновациите и конкурентноста на малите и средни претпријатија предвидени се средства во вкупен износ од 2.000.000 денари.

Распределбата на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, (потпрограмата Г1 ставка 426 потставка 426990 ) – наменети за финансирање на проекти од областа на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје, ќе се врши врз основа на Програмата на активности од областа на локалниот економски развој за 2023 година. (Службен гласник на Град Скопје бр.08/23).

**2. Право на учество на јавниот повик**

Право на учество на Јавниот повик имаат непрофитни правни лица регистрирани во Централен регистар со седиште во Скопје согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за трговските друштва кои го исполнуваат условот и општите критериуми од овој повик и ја доставиле потребната документација.

**3. Услов за учество** - Секој подносител може да учествува на јавниот повик само со еден проект.

**4. Потребна документација за пријавување на јавниот повик:**

- Тековна состојба од Централен Регистар или Решение за регистрација на здружение или фондација;
- Потпишана изјава за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);
- Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (Централен регистар);
- Дигитално пополнет предлог проект со печатни букви на кирилично писмо
- Дигитално пополнет финансиски план ( пријава за финансиска поддршка) со печатни букви на кирилично писмо;
- Референтна листа или доказ ( потпишан договор за најмалку еден проект реализиран во областа за која се аплицира).

Обрасците Пријава и Проект за пријавување на јавниот повик , како и Правилникот каде се утврдени основните критериуми за избор, апликантите можат да ги подигнат од интернет страната на Град Скопје - www.skopje.gov.mk или во Секторот за локален економски развој во Град Скопје**.**

**5. Основни критериуми за избор на апликантите се**

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **30** |
| 1.1 Дали апликантот има потребна организациска структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, итн) | 10 |
| 1.2 Дали апликантот располага со логистика (канцелариски простор и техничка опрема за реализација на манифестацијата,активноста, проектот) | 10 |
| 1.3 Видливост на апликантот online | 10 |
| **2. Финансирање на проектот** | **30** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на настанот/активноста/проектот | 10 |
| 2.2 Дали апликантот обезбедува процент на сопствено | 10 |

| | |
|---|---|
| учество во остварување на проектот | |
| 2.3 Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на проектот** | **40** |
| 3.1 Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и соодветно определена | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив | 10 |

*Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

**Период на реализација на проектите** - најдоцна до 1 декември 2023 година

**6. Начин на спроведување на Јавниот повик**

За утврдувањето на исполнувањето на условот и општите критериуми од точка 5 од повикот, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за финансирање на проект од областа на претприемништвото, инобациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на Град Скопје за 2023 година.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите од точка 5, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на финансиски средства на апликантите.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се отфрлени како некомлетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите од точка 5 од повикот.

**7. Рок и начин на доставување на пријавите**

Пријавите со комплетната документација се поднесуваат исклучиво во хартиена форма и се доставуваат во архивата на Град Скопје, бул. “Илинден” бр.82 Скопје, Сектор за локален економски развој, **со назнака „**Јавен повик за финансирање на проекти од областа на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје за 2023 година“ .

Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот кој ја поднесува пријавата, **во рок од 30 дена од објавувањето на Јавниот повик.**

**Напомена: Пријавите со непотполна документација или поднесени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

**Доставените прилози не се враќаат.**

Учесниците на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на Решение за доделување на финансиски средства.

Прашања за појаснување може да се постават писмено или по електронски пат до Секторот за локален економски развој на адреса: Daniela.Krsteska@skopje.gov.mk. Контакт: Секторот за локален економски развој

Тел: (02) 3297-328